УДК: 271.2-12-9

Стефан ГОГОВСКИ

# ТЕОЛОГИЈА, ОБРАЗОВАНИЕ, СОВРЕМЕНОСТ. АНТРОПОЛОШКО-ЕКЛИСИОЛОШКИ ЕЛЕМЕНТИ НА ОБРАЗОВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ПРОЦЕС

## Православната црква и мисла низ историјата

Пристапувајќи систематски во поглед на еклисиолошката историја, веднаш ќе забележиме дека Православната црква денес се смета себеси за идентична по својата сушност со Раната христијанска црква, вклучително со периодот од првите осум века, период кога христијанската традиција делела заедничко еклисијално постоење насекаде низ христијанските заедници во светот, сѐ до моментот на одделувањето и конечната сепарација на Источната и Западната мисла во 1054 година. Православното богословие, од тој момент наваму, започнува да се движи по свој уникален правец, којшто прилично јасно се разликува од Западната теологија. Методот на теолошкиот развој на Исток може да се дефинира како мозаичен[1] и истиот го наоѓа својот корен во Божјото Откровение, односно во Откривањето на Бога кон човекот и светот преку воплотувањето на Логосот Божји, Господ Исус Христос, Кој стана тело и ни овозможи да ја видиме Божјата благодат и вистина (сп Јв. 1, 14). Тоа значи дека причинител за рожбата на христијанството во светот всушност е Божјото Откровение, односно агапична рожба која се темели на односот помеѓу неговите два 'родители' – Светото писмо и предание.[2]

---

[1] S. S. Harakas, "Doing theology today. An Orthodox and evangelical dialogue on theological method", in *Pro Ecclesia* XI, (4/1996), 435–462, овде 436.

[2] Metropolitan Hilarion Alfeyev, *Orthodox Christianity. Doctrine and teaching of the Orthodox Church*, Vol. 2, St. Vladimir's Seminary Press, New York 2012, 15.

Станува евидентно дека, сето она што се однесува и е поврзано со знаењето за Бога, а притоа е оставено како апостолски аманет на христијанските заедници низ светот преку педесетната благодат на Светиот Дух е всушност оставено на Црквата како Тело Христово, којашто постојано мистично се оддава за спасение на светот и човекот токму како достојна Христова Невеста. Всушност, Православната црква преку богословствувањето, внимателно го толкува, појаснува и го предава во непрекинат континуитет осозреаното низ вековите словење за Бога и Неговото Откровение. Ова нам ни дава до знаење дека православната φρόνημα (мудрост, начин на размислување) којашто се согледува во постојаното сеќавање на Христовото спасително дело околу коешто го гради своето животно искуство и битисување, всушност претставува нераскинлива врска со православната традиција и сушност на Првата ранохристијанска црква. Со други зборови, таа сè до денес живее според Апостолското сведоштво и по благодатта на Светиот Дух којшто битисува и дејствува во и низ Неа.[3]

Се поставува прашањето: *На кој начин православната теологија е систематизирана како наука*?

Долг е патот на нејзиниот развој, односно таа изминала пат исполнет со премрежиња од различен тип. Според историчноста на верата, може да се воочи фактот поврзан директно со Личноста на Христа Бога, Синот Божји – Женихот на Православната Црква, за Кого, од и преку Кого се развива богословската мисла,[4] Којашто Личност Божја претставува директна причина за конфликтот што се појавил веднаш по моментот на Неговото воплотување, и конфликт којшто продолжува да постои паралелно со постоењето на Црквата. Она што црковната историја овде ни го посочува е следново. Имено, долж Христовиот живот меѓу луѓето, многумина го препознаваат како Син Божји, други, пак, како Пророк, трети како извонреден Учител, но некои дури Му го

[3] Сп. J. Meyendorff, *The Orthodox Church. Its past and Its role in the world today*, St. Vladimir's seminary press, New York 1966, 1-8.

[4] Сп. V. Lossky, *Orthodox theology. An introduction*, St. Vladimir's seminary press, New York 1978, 13. Овде Лоски продолжува велејќи дека теологијата како збор и како мисла потребно е да поседува гностичка димензија, во поглед на теологијата како контемплација и тихување. Со други зборови, се работи за отворање на нашите мисли кон реалноста којашто преминува од другата страна (трансцендентно). Теолошкото знаење е есхатолошко по карактер, коешто преминува преку историјата на светот и преку сето она што ја оформува историјата како таква, поточно претставува есхатолошки проект, втемелен во Божјото Откровение.

негираат постоењето на Земјата, односно Неговото Вочовечување и спасително дело.[5] Сепак, дури и покрај сите човечки обиди да се негира и искривоколчи споменот за Божјото слегување и воопшто Неговата мисија на Земјата, Православното вероисповедание опстоило и продолжува да опстојува, а тоа е токму благодарение на Божјата благодат којашто пребива во срцата на оние што во Христа се крстиле и за Него битисуваат во Неговата Невеста – Црквата.

## Добата на вселенските собори

Вистината за Божјото Воплотување, поучување, оддавање на маченииштво преку Крсната смрт, како и Неговото Воскресение и Вознесение всушност е сочувана низ вековите од страна на Црквата, и таа претставува вистина неизвалкана благодарение на чистината со којашто во аманет ни ја предале Христовите ученици – Апостолите, гласниците на Евангелскиот Збор Божји. Токму *Делата на Светите Апостоли* го претставува аголниот камен врз којшто се темели оставениот апостолски аманет за чување на таа вистина.[6] Кога вистината за Бога е придружена со верата во Него, таа се претвора во оружјето со коешто низ вековите и светите Отци на Црквата се бореле против секој обид за нејзино напаѓање и искривување, обид наречен ерес, а такви обиди Православната црковна историја забележува многу, како што се на пример: аријанската ерес, којашто ерес го сметала Господ Исус Христос за создание, а не за предвечен Син Божји,[7] потоа духоборната ерес, којашто ерес учела дека Светиот Дух е создание, а не Бог,[8] а по

[5] Сп. Mitropolitan Hilarion Alfeyev, *Orthodox Christianity. The History and Canonical Structure of the Orthodox Church*, Vol. 1, St. Vladimir's Seminary Press, New York 2011, 15-16.

[6] Сп. A. Shmemann, *The historical road of Eastern Orthodoxy*, Holt Rinehart and Winston, New York 1963, 3.

[7] Првиот вселенски собор одржан во Никеја во 325 година всушност е свикан токму заради аријанството, на којшто Собор истото било разобличено и осудено. На овој Собор бил востановен и Никејскиот Символ на верата, којшто потоа е дополнет на Вториот вселенски собор.

[8] Вториот вселенски собор одржан во Цариград во 381 година е свикан токму благодарение на појавата на ваквото искривоколчено учење, коешто претставувало опасност за православието од причина што го искривувала Пвнематолошкиот аспект на Светото Тројство, па токму заради тоа истото е разобличено и отфрлено. Благодарение на духоборците е надополнет и осмиот член од Символот на верата, каде што се потенцира дека Светиот Дух е Господ кој живот твори и Нему му припаѓа

неа несторијанската ерес, чијшто основоположник сметал дека, како на Божествената, така и на човечката природа на Господа Исуса Христа, треба да им припадне секому поединечно по една личност. Ваквиот обид за поделба на Личноста на Бог Синот е веднаш отфлена,[9] но ересите продолжувале да се појавуваат. Па така, следна ерес којашто се појавила е монофизитската ерес (μόνη-φὗσις, односно една природа), којашто ерес учела дека, всушност, човечката природа Христова во моментот на Воплотувањето преку Дева Марија толку се слеала со Божествената, што всушност се изгубила во неа. Овде повторно се појавува искривоколчено учење поврзано со двете природи на Христа, но и ова погрешно учење било победено, поточно отфрлено на Четвртиот вселенски собор одржан во Халкидон во 451 година.[10] Благодарение на потребата потворно да се зацврсти ставот на Православната црква во однос на двете природи на Логосот Божји, свикан е уште еден – Петти вселенски собор од страна на императорот Јустинијан Први во 553 година во Цариград. На овој собор се потврдува учењето за Господ Исус Христос дека е овоплотен Син Божји. Сепак, малку подоцна се појавува уште една ерес, а таа е монотелитската ерес, којашто ерес и движење сметале дека Господ Исус Христос поседува само една волја, што е погрешно, затоа што како што во Христа постојат две природи, односно Божествена и човечка, така постојат и две волји, Божествена и човечка. Оваа ерес била разобличена на Шестиот вселенски собор одржан во Цариград во 680 година. По борбата со монотелизмот, се појавува уште една ерес, а тоа е иконоборството коешто е директен причинител за свикување на уште еден, досега последен и Седми по

истата слава и чест како и на Отецот и на Синот. Фактот што Символот на верата е востановен на Првиот и Вториот вселенски собор е причинител за неговото именување Никео-Цариградски Символ на верата.

[9] Третиот вселенски собор одржан во Ефес во 431 година всушност застанал на браникот на православното точно учење коешто веднаш ја отфрлило Несториевата ерес поврзана со раздорот или поточно речено поделбата на Личноста на Логосот Божји. Од овој Собор е потврдено дека Господ Исус Христос е една Личност којашто поседува две природи: Божја и човечка. Несториј погрешно се изјаснувал и во однос на Мајката Божја и не ја сметал за Богородица, туку за човекородица, од страв да не ѝ се препишат божји својства на Дева Марија, меѓутоа Црквата иако исповеда дека таа го родила Бога, сепак не ѝ придава такви или слични особини, затоа што од неа произлегува рожбата на човечката природа на Господа Исуса Христа, а не на Неговата Божествена којашто е од вечноста, односно е од Бога Отецот.

[10] Сепак, монофизитите успеале да создадат раскол во Црквата и од тој раскол произлегуваат токму Коптите, Ерменците и Етиопјаните.

ред вселенски собор, одржан во Никеја во 787 година. Општо е познат овој турбулентен период, период на одбивност и непочитување на светите икони. Иконоборците всушност сметале дека почитувањето на иконите претставува голем грев, односно претставува грев на идолопоклонство. На овој Собор било востановено точното учење во однос на почитувањето на светите икони, коешто учење наложувало нивно почитување, но не и нивно обожување. Со досегашниве изложувања на борбата со ересите, се согледува дека периодот на Вселенските собори, период од скоро петстотини години,[11] е виден како повеќе од потребен за развојот на Црквата, затоа што тие претставуваат темел за развој на богооткриената вистина, којашто вистина благодарение на нив е одбранета, но и систематски развиена преку свештените канони, но и преку постојано полезните теолошки дела на Отците на Црквата.[12] На овој начин овој период ќе придонесе за зацврстување на еклисиолошките темели, како и за созревањето во својата хуманост и црковна мисија, потоа во реципрочните односи со ближните, секако преку духовниот аспект на верата во Христа Господа.

### Рожбата на Источната Византиска Империја и развојот на православното богословие

Благодарение на еклисиолошката соборност се создала плодна почва за растеж на православното богословие, коешто започнува сè повеќе да се развива, за да може во иднина да премине во точно систематизирана наука за Бога. Следствено на ова, може да се воочи исто така дека, во првите осум века не се забележуваат само негативни обиди за еретичко валкање на вистината, но се забележува и едно позитивно забрзано ширење на христијанството, рожбата и развојот на монаштвото, како и еден значителен процут на христијанската теологија и уметност.[13] Црковната историја поточно забележува шест периоди на развој коишто се директна последица од создавањето на Источното Римско Царство.

[11] Сп. A. Shmemann, *The historical road of Eastern Orthodoxy*, *op. cit.*, 76–206.

[12] Кога Православната црква зборува за Отците, не станува збор само за Светите Отци од периодот на Соборите којашто листа би завршувала со Св. Јован Дамаскин (676 – 749), туку се мисли и на оние подоцнежните како што е на пример Св. Григориј Палама (1296 – 1359).

[13] Сп. Mitropolitan Hilarion Alfeyev, *Orthodox Christianity*, Vol. 1, *op. cit.*, 43.

Првиот период е Рано/Пре-византискиот период којшто започнува со ерата на императорот Константин I Велики (272 – 337). Тој ќе остане забележан во историјата како главен виновник кој овозможил конечно слободно вероисповедање на христијанската вера долж Римската Империја преку неговиот Милански едикт (*Edictum Mediolanense*) издаден во 313 година, благодарение на претходно извојуваната и клучна победа против императорот Максентиј на мостот Милвио во Рим во 312 година, по којашто победа потоа прераснува во голем властодржец бивајќи прогласен од римскиот Сенат и народ за ослободувач,[14] а по едиктот, заедно со неговото императорско семејство ќе стане првиот градител на велелепни базилики во Рим и пошироко, за на крај да ја пресели римската престолнина од Рим во Константинопол во 330 година и да придонесува долж неговиот живот за развојот на христијанството во секаков поглед: еклесијален, социолошки итн. Оваа ера преставува клучен фактор за процутот и за позицијата на христијаните во Империјата воопшто.

Она што е важно да се напомене во поглед на развојот на теолошкото образование во овој период на раниот IV век се имињата на

[14] Сп. Timothy E. Gregory, *A History of Byzantium*, Blackwell Publishing, Malden 2005, 48. Причина за маршот на Рим од страна на императорот Константин Велики е разнишаниот однос помеѓу тетрархијата (четворовладетелството сочинето од Максимин Даја, Лицинij, Максентиј и Константин) востановена од Диоклецијан за полесно управување со териториите на Римската Империја во 293 година. Пролетта 312 година, Константин ги преминува Алпите со 40 000 војска, додека Максентиј позициониран во Рим, испраќа коњаница да се соочи со узурпаторот. Во Торино неговата коњаница бива поразена и градовите помеѓу Алпите и Рим широко ги отвораат портите на ослободителот Константин. Јужно од Рим, близу мостот наречен Милвио, Константин се позиционира, подготвувајќи го својот напад, додека Максентиј ја зацврстува својата одбранбена позиција долж ѕидините на градот. Непосредно пред битката, се случува еден неопислив и несекојдневен настан после којшто ќе се смени теркот на историјата, преку промената на Константиновиот живот. Имено, според списите на Еузебиј поврзани со животот на Константин, тој го опишува настанот велејќи дека императорот посведочил светол крст на небото, додека под крстот било испишано ‘со ова ќе победиш’. Без разлика на кој начин императорот го разбрал ова видение, тој го исползувал овој знак и направил крст, знак за него којшто претставувал симбол на победа, и знак со кој ги обележал своите трупи од тој момент натаму. По овој настан, Константин го победува Максентиј и влегува во градот како ослободител. По оваа битка се менува теркот на целокупната црковна историја.

Антиохиската школа,[15] каде што се образовале студенти како Св. Теофил Антиохиски и Св. Јован Златоуст, школа којашто важела за една од најголемите и најважни образовни центри од антиката во поглед на изучување на библиската теологија, но важно е, исто така, и името на Александриската школа, каде што се образувал Св. Климент Александриски, школа, пак, којашто е основана некаде во III век пр. н. е. и функционирала сè до VI век н. е., а својата христијанска преобразба датира некаде околу 179 година.[16] Исто така, пожелно е да се забележи дека, покрај овие два особено важни образовни центри, сепак и Атинската школа во IV век била доста привлечна за голем број Кападокијци, а во средината на V век и за Александријци, во којашто школа Отците на Црквата како Св. Василиј Велики и Св. Григориј Богослов го завршуваат своето теолошко образование.[17] Во средината на V век (425), историјата го забележува основањето на Константинополската школа, основана во време на владеењето на Теодосиј II (408 – 450),[18] школа којашто ќе одигра значајна улога во поглед на теолошкиот развој на цариградските теолози.

Подоцна, односно во VI век, историјата ја забележува таканаречената златна ера на византиската уметност, христијанската архитектура и теолошка мисла воопшто, а тоа е ерата на византискиот император Јустинијан I (527 – 565).[19] Јустинијан ќе остане запаметен како извонреден властодржец, освојувач и посветен градител, токму затоа што во периодот на неговото владеење поседувал големи освојувачки претензии кон Западен Рим, Африка и Шпанија, коишто придонеле Византија да зајакне на економски план, но и самиот император да финансира капитални дела од еклезијален карактер како, на пример, подигнувањето на импозантниот Соборен храм посветен на Божјата Премудрост – Агиа Софија (полното име е Црква на Светата Божја Премудрост или Ναός τῆς Ἁγίας τοῦ Θεοῦ), којшто во исто вре-

[15] За повеќе информации поврзани со оваа школа, види *В.Я.Саврей, Антиохийская школа в истории христианской мысли*, Издательство Московского университета, Москва 2012.

[16] Сп. В. Дмитревский, Александрийская школа. *Очерк из истории духовного просвещения от I до начала V века по Р.Хр.,* Казань 1884, 8-25.

[17] Сп. E. J. Watts, *City and school in late Antique Athens and Alexandria*, University of California Press, Los Angeles 1975, 8-10.

[18] Сп. S. Mesihović, *Orbis Romanvs. Udžbenik za historiju klasične rimske civilizacije*, Sarajevo 2015, 2380.

[19] Сп. *Timothy E. Gregory, op. cit.*, 118.

ме ќе претставува и новитет во црковното градителство бивајќи спој на ге-ометриски форми и калкулации од страна на Исидор од Милет (442 – 537) и Антемиј Тралски (474 – 534),[20] познати математичари и геометричари од тоа време. Света Софија ќе биде изградена како куполна базилика и ќе остане забележана како најголемиот црковен храм во период од едно цело илјадалетие. Исто така, неговиот *Codex Iuris Civilis* којшто востановува апсолутизам во владеењето на Византија преку имплементација на општественото право, а потоа имплементирањето на православната вероисповест со закон преку нејзино востоличување на степен на еднаквост со империјалистичкиот престол, се особено значајни моменти за Црквата во тој период, бидејќи преку ваквиот закон Црквата добила директен пристап до Империјалистичкиот трезор, и можела слободно да се занимава со црковно градителство, причина повеќе да се развива непречено византиската црковна уметност, но и теолошката мисла пропратно со неа, од причина што не се градени само црковни храмови, туку и црковно-просветни центри. По овој период на високи достигнувања, следува мал пад благодарение на иконоборството, пад којшто трае сè до 843 година, година по којашто следува македонската ренесанса и трае од IX до XI век. Значително од овој период за нас православните Македонци, но и словенски народи воопшто, е токму основањето на Охридската книжевна школа од страна на нашиот семакедонски Патрон – светиот Климент – Охридскиот Чудотворец, за време на неговата седумгодишна учителска дејност, којашто школа го претставувала и првиот словенски просветен центар од каде што излегле мноштво ученици, кои потоа прераснале во светоклиментови помошници и придонеле да се положат темелите на македонската и словенската писменост, поточно да се подготви терен за замена на грчката јерархија со домородна – македонска.[21]

По македонската ренесанса следува петтиот период наречен Комненски (XII век). Овој период завршува неславно со освојувањето на Константинопол во 1204 година од страна на латинските крстоносци, меѓутоа во поглед на образовниот процес не извршува големо влијание. Во 1261 година, Константинопол е повторно вратен под византиска власт со што започнува и шестиот и последен период на развој на источната богословска мисла, просвета, мисија и црковна

[20] Сп. *Ibid.*, 128-135.

[21] Сп. САС на МПЦ-ОА - Ј. Таковски (ed.), *Свети Климент Охридски. Собрани дела, поуки, житија*, Скопје 2012, 12–13.

уметност во рамките на Византиската Империја, период познат како Палеолошка ренесанса, којшто завршува со падот на Константинопол под османлиска власт во 1453 година, под чијашто потчинетост, христијаните ќе станат граѓани од втор ред. Сепак, на Балканот и кај нас во Македонија, една од најзначајните улоги во процесот на адаптација во новонастанатата ситуација одиграло токму зачувувањето на православниот идентитет во вековите под османлиска власт. Според некои анализи, тоа се должи главно на следниве причини: 1. воспоставувањето на милетскиот систем кој овозможил успешно зачувување на институционалната структура на Охридската архиепископија до 1767 г.; 2. отворањето ќелијни училишта на словенски јазик; 3. формирањето црковноучилишни општини и 4. непреченото практикување на официјалната христијанска и на народната религија[22].

### Развојот на православното богословие по падот на Византија

Овој период е значително трагичен за образовниот процес во поглед на православната теологија. Благодарение на тоталитарната османлиска власт, теологијата претрпела тежок удар во поглед на нејзиниот развој, благодарение на рестрикцијата, односно редукцијата на образовниот теолошки процес и вероисповедањето воопшто долж новонасадената Османлиска Империја. Од друга страна, пак, теолошкото образование било ставено на ризик и благодарение на можноста за појавување и дејствување на римокатолички и протестански мисионери долж османлиската окупирана територија. Во овој период, многумина сакајќи да го надоградат своето теолошко образование, заминуваат на Запад, особено упатувајќи се кон италијанските образовни центри.[23] Ова не е случај само на Балканскиот Полуостров, односно слично западно влијание ќе се изврши и во Русија, со почеток во втората половина на XIII век,[24] и истото ќе продолжи и во пери-

---

[22] Сп. Стивен К. Баталден, „Милетскиот систем и Православната црква под отоманска власт, во Петар Хр. Илиевски (ed.), *Преиспитување на традицијата. Есеи за историјата на православието*, Скопје 1997, 167–184; Е. Луческа, „Христијанството и народната религија во периодот на османлиската власт на територијата на Македонија“, во *Историја* (1/2015-2016), 161-172. овде 162.

[23] Сп. S. S. Harakas, “Doing theology today“, *op. cit.*, 446.

[24] Сп. Georges Florovsky – Richard S. Haugh (ed.), *The ways of Russian theology. Collected works of Georges Florovsky.* Part 1, Vol. 5, Nordland Publishing, Belmont Massachusetts 1979, 9–14.

одот на владеењето на Петар I Велики (1672 – 1775), но рускиот случај на теолошки развој во поглед на западното влијание е интенционално, поточно се случува по негова наредба да се имплементираат западни форми на црковна музика долж образовниот теолошки процес, како и промена во однос на теолошкото структурирање на академската богословската мисла и начин на изучување.[25] Благодарение на новонастанатото западно теолошко влијание, во овој турбулентен период многу православни Руси, Антиохијци и Грци ќе влезат во една состојба на заробеништво, состојба којашто ќе ги оттуѓи од православната теологија, но истовремено и ќе ги оддалечи од своите патристички корени, теолошки размисли и начин на живот. Ваквата состојба Флоровски ја опишува како *псевдо-морфизам* во едно од своите дела,[26] опишувајќи ја новонастанатата промена на православниот схоластички менталитет, благодарение на западното рационално теологирање и претпоставки, коишто во суштина не се нималку блиску до автентичниот еклесиолошки живот. Сепак, периодот на западното теолошко влијание, иако ќе остави видливи последици како што се создавањето на Унии со Римокатолицизмот, како во Русија, така и во останатиот православен свет, истиот ќе биде надминат преку патристичко-керигматската преродба на богословската мисла во периодот којшто ќе следи. Пожелно е да се забележи дека почнувајќи од XVI век, јасно ќе се определат границите, односно разликите помеѓу православната и западната теологија во нивната суштина, и оттука, секоја од нив ќе си продолжи по својот пат.[27]

### Почетокот на второто илјадалетие и лингвистичките разлики помеѓу Истокот и Западот

Како што може да се забележи, почетокот на вториот милениум во поглед на еклесиолошко-теолошкиот развој, всушност претставува истовремено период на процут, но и на раздор. Можеби најзначителен момент од овој период во поглед на црковниот раздор претставува токму Големата шизма од 1054 година којашто ги разделува Истокот и Западот, меѓутоа колку тој момент да е тажен за црковната историја,

[25] Сп. Сп. S. S. Harakas, "Doing theology today", *op. cit.*, 446.

[26] Сп. Georges Florovsky – Richard S. Haugh (ed.), *op. cit.*

[27] Сп. B. Petrà, *L'Etica Ortodossa, Storia, fonti, identità*, Cittadella Editrice, Assisi 2010, 12.

сепак истиот носи со себе позитивни моменти во однос на развојот на Црквата на Исток, развој којшто вклучува во себе повеќе елементи како што е политичкиот елемент, културолошкиот, еклесиолошкиот и теолошкиот.

Можеби една од клучните причини за настанатите разлики помеѓу Истокот и Западот е од лингвистички карактер. Во појасна смисла, во V век употребата на грчкиот јазик во Источната Римска Империја е позастапена, отколку што е на Западот, бидејќи таму повеќе е ставен акцент на употребата на латинскиот јазик и писмо. Тоа значи дека во овој период малкумина на Западот можеле да зборуваат, односно го познавале грчкиот јазик, додека непознавањето на латинскиот јазик и воопшто неползувањето со него на Истокот, започнува во VII век. Додека најважани теолошки автори на Истокот биле Отците од ерата на Вселенските собори, како што се Св. Василиј Велики, Св. Јован Крстител, Св. Кирил Александриски и други, на Западот се читал Блажени Августин – автор за кој на Истокот многумина и не чуле[28]. Исто така, што се однесува до разликите помеѓу Истокот и Западот, придонело и разбирањето на доктрината поврзана со бискупот на Рим како глава на Екуменската црква, бивајќи сметан за Петров наследник којшто ги поседува клучевите од рајот. Што се однесува до преемството, пак, на Константинополскиот архијереј, којшто од крајот на VI век ја носи титулата 'вселенски патријарх', неговата позиција била длабоко позиционирана на Истокот без нималку сомневање. Сепак, Константинополскиот патријарх во ниту еден момент не се сметал себеси за глава на Црквата, туку за 'прв меѓу еднаквите'. Овие два јурисдикциско-еклесиолошки модели во потполност се разликуваат меѓу себе, исто онака како што теологијата на Истокот се разликува од теологијата на Западот не само во поглед на догмите и канонитe, хиерархијата и уредувањето, туку и во поглед на нејзиниот духовенско-мистичен карактер, нејзината поврзаност со традицијата, како и начинот на теологирање воопшто.

### Современиот карактер и актуелноста во православната теологија

Теолошкиот актуелен фокус бил и секогаш ќе е во соодност со искупувачкото дело Христово, односно со Божјото Откровение, затоа

[28] Сп. Mitropolitan Hilarion Alfeyev, *Orthodox Christianity*, Vol. 1, *op. cit.*, 107–108.

што тоа претставува извор на знаењето втемелено на Светото писмо и предание[29]. Како потврда на ова ни служи целокупната слика на евхаристичното битисување на Православната црква. Евхаристијата во православието е централната оска околу која се движи, расте и се развива секоја мисла и секој акт на нејзините членови и нејзините размисли како целина воопшто, како и секој антрополошко-социолошки процес со останатите заедници и членови во општеството во коешто се наоѓа. Зрелоста на теолошката мисла е всушност главниот причинител за начинот на којшто се воспоставуваат внатрешните и надворешните односи во и од Црквата. Тоа значи дека теологијата е алатката на Црквата за воспоставување сопствен став и делување, а потоа и однос со светот, однос ориентиран кон измирување на човештвото со Бога (сп. 2 Кор. 5, 18). Во суштина, проблемот на односот помеѓу Црквата и светот е егзистенцијален и претставува проблем од козмичка важност којшто влијае како врз самиот живот на Црквата, така и врз самиот живот на светот[30].

Православната теологија истовремено нагласува две реалности околу искупителното дело Христово преку два пристапи на теологирање. Првата теолошка реалност е од известувачко-објавувачки карактер, а тоа е катафатичкиот теолошки пристап, наречен исто така позитивен пристап (*via positiva*) којшто е во поголема форма застапен на Запад. Катафатичката теологија ги објавува вистините за Бога, но истовремено ја одржува и формулира одново богооктровенската порака во однос на новите прашања коишто произлегуваат во светот, поточно во поглед на новите предизвици и околности во коишто се наоѓа човештвото и Црквата воопшто. Таа е водена од традицијата, односно од црковното пишано и усно предание, како и од искуството на Црквата Божја. Вториот пристап е малку поосетлив во однос на мистичната димензија преку која се изразува верата, а тоа е апофатичкиот пристап, пристап повеќе застапен на Исток. Апофатичката теологија е таканаречената *via negativa*, поточно таа ги соголува човечките рационални категории на размислување и концепти поврзани со Тајната за Бога. Од концептуална перспектива, Свети Јован Дамаскин, којшто на почетокот на VIII век го напишал своето дело *De Fide Orthodoxa*, сумирајќи ја теолошката мудрост и начин на размислување на Црквата во

[29] Сп. S. S. Harakas, “Doing theology today“, *op cit.*, 438.

[30] Сп. S. S. Harakas, “The Church and the secular world”, in *The Greek Orthodox theological review* (17/1972), 167-199, овде 167.

однос на знаењето за Бога, на еден начин успеал да ја избалансира катафатичко-објавувачката димензија на Откровението со нагласената трансцендентна мистерија на и поврзана со Божјото Откровение[31]. По обидот да покаже дека Бог постои, на крајот успева само да ја сумира ранохристијанската афирмација за неможноста на човечкиот ум во потполност да го спознае Бог. Ова значи дека Бог е невметлив во човечко-рационалните категории на размислување. Во третото поглавје од неговото дело коешто е во фокусот, тој презентира 'докази' за Божјото постоење, користејќи аргументи како што се: природата, чудата, милоста, писмото, создавањето, разумот итн. Сепак, посочувајќи ја апофатичката димензија на Божјото Откровение, тој потврдува дека постои Бог, но она што Бог е во суштина е апсолутно неразбирливо и незнајно за човекот.[32] Токму овде се согледува дека иако постои разлика помеѓу катафатичката и апофатичката теологија, сепак истите се потребни алатки за развој на теолошката мисла.

Следствено на тоа, степенот на зрелост на православната теологија може да се согледа во мисиолошко-еклесиолошкото дејствување. Доколку теолошката мисла е сотириолошко-есхатолошка, којашто истовремено се темели на светотаинскиот и евхаристичен начин на битисување, којшто начин на битисување изискува онтолошка преобразба Христа ради, тогаш може да се каже дека Црквата како Тело Христово на правилно несебично-агапичен начин е отворена кон светот и само во тој случај истиот може да го води кон спасение. Светоста Црковна се манифестира преку полнотата на љубовта кон Својот Спасител, односно преку несебичната љубов за Христа Бога, љубов којашто не бара ништо за возврат, а оди до таа мера и по цена да го загуби својот живот за Него.[33] Агапично-мистичниот карактер на православната теологија и мисла всушност останува постојано современ низ вековите, и, истиот, ниту јота ниту црта е променет во својата суштина. Можна промена во теолошката мисла би претставувало нејзиното структурирање и академско-научна поделба на образовни гранки, како што се правото, догматиката, етиката, меѓутоа ваквата поделба ниту е причинител,

[31] Сп. P. Schaff, *Hilary of Poitiers. John of Damascus*, Grand Rapids Michigan 2004, 427.

[32] Сп. John of Damascus, "Exposition of the Orthodox faith", in P. Schaff, *Hilary of Poitiers. John of Damascus*, Grand Rapids Michigan 2004, 430-582, овде 432–435.

[33] M. Măcelaru – C. Constantineanu – R. V. Ganea (ed.), *Re-imagining theological education*, Bucureşti 2016, 231.

ниту, пак, претставува конфликт во нејзината внатрешна структура, туку напротив, служи за поподробно оној што е заинтересиран со неа да се запознае и полесно да ја изучи. Мозаичниот современ пристап на теологирање го претставува нејзиниот педагошко-антрополошки елемент при процесот на здобивање со теолошко знаење, впрочем како што е случај и со нашиот Богословски факултет, којшто нималку не се разликува по суштина од останатите високообразовни центри низ Православната екумена. Сепак, образовниот теолошки процес е долг и токму заради потребата темелно да се опфатат сите негови елементи, потребен е темелен пристап при пренесувањето на теолошката наука на идните пастири на Црквата. Со други зборови, имплементирањето и користењето на интердисциплинарниот методолошки пристап на изучување на теологијата, го претставува всушност најполезниот начин богословската наука да прерасне во водилка кон правилно насочување на теолозите при запознавањето со неа, којашто од теорија преминува во пракса, односно во начин на живот во Христовата Црква.

Stefan GOGOVSKI

**THEOLOGY, EDUCATION, CONTEMPORANEITY.**
**ANTROPOLOGICAL-ECCLESIOLOGICAL ELEMENTS**
**OF THE EDUCATIONAL THEOLOGICAL PROCESS**

***Summary***

The purpose of the paper is to reflect the historical development of the educational theological process on the East, and to underline the differences with the West after the great Schism in the $11^{th}$ century. The methodology of the theological development of the East is defined as mosaic, rooted in the Reveletion of God through the incarnation of the Logos. Thus, the orthodox theology is constantly developing, bearing with dignity the mark given by her two ‘parents’ – The Holy Scripture and the Holy Tradition, the two pilasters of her profound and sacred role in the world to be a constant remembrance of Christ’s saving work by whose life experience and existence is being built. In addition, the Orthodox Church throughout her educational centers is playing a major role in offering the